ПРЕДЛОГ ОДЛУКИ

Врз основа на членовите 383, 384 и 476 став 1 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 27.05.2026 год. донесе:

# О Д Л У К А
**за усвојување на годишната сметка на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп**
**за деловната 2025 год.**

**Член 1**

Се усвојува годишната сметка на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, за деловната 2025 год., според следните биланси:

1. Биланс на состојба на ден 31.12.2025 год.
2. Биланс на успех од 01.01.2025 год. до 31.12.2025 год.

**Член 2**

Во билансот на состојба на ден 31.12.2025 година е искажана следната билансна состојба:

1. Актива **3.828.468.232,00 ден.**
2. Пасива **3.828.468.232,00 ден**.

**Член 3**

Во билансот на успех за периодот од 01.01.2025 год. до 31.12.2025 год., се искажани следните состојби:

| | |
|---|---|
| 1. Приходи | **4.754.650.933,00 ден.** |
| 2. Негативни разлики на готов производ на почеток-крај на год**.** | **144.487.071,00 ден.** |
| 3. Расходи | **4.570.095.481,00 ден**. |
| 4. Добивка пред оданочување | **40.068.381,00 ден**. |
| 5. Данок на добивка | **1.994.992,00 ден.** |
| 6. Добивка по оданочување | **38.073.389,00 ден**. |

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во членот 476 став 1 од Законот за трговските друштва, секој трговец по истекот на деловната година составува годишна сметка. Според ставот 4 од истата одредба, годишната сметка вклучува биланс на состојба и биланс на успех и објаснувачки белешки. Финансиските извештаи вклучуваат биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување од овој закон.

Годишната сметка во друштвото е изготвена навремено и во согласност со закон и сметководствените стандарди.

Согласно член 383 став 1 точка 2 од Законот за трговските друштва: „Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со овој закон и со статутот, а особено за: 2) одобрување на

годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;“.

Според член 384 став 1 од Законот за трговските друштва, годишното собрание го свикува органот на управување најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание. Во членот 40 став 1 од Правилата за котација на Македонската берза, е наведено дека, издавачите од сите подсегменти се должни да ги објават целосните консолидирани и неконсолидирани ревидирани финансиски извештаи (Извештај на независниот ревизор, Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за паричните текови, Извештај за промените во капиталот и Белешки кон финансиските извештаи) заедно со годишниот извештај за работењето, усвоени од Собранието на акционери на друштвото што е можно поскоро по завршувањето на релевантниот период, а задолжително во рок од 7 дена од усвојувањето на Собранието на акционери, но не подоцна од 31.05 во тековната година.

Имајќи ги предвид наведените одредби, друштвото го организираше собранието на акционери во роковите определени со позитивните прописи.

Врз основа на претходното, беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

____________________________

Врз основа на членовите 383, 384 и 476 став 2 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 27.05.2026 год. донесе:

ПРЕДЛОГ ОДЛУКИ

# О Д Л У К А

**за усвојување на финансиските извештаи на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп**
**за 2025 год.**

**Член 1**

Се усвојуваат финансиските извештаи на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиското известување за годината која завршува на 31.12.2025 год., ревидирани од страна на ревизорското друштво „Грант Торнтон“ ДОО Скопје.

**Член 2**

Финансиските извештаи за 2025 год. придружени со објаснувачките белешки се составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во согласност со членот 476 став 2 од Законот за трговските друштва, одредени трговци, вклучително и друштвото, по истекот на деловната година, составуваат и финансиски извештаи.

Финансиските извештаи се изготвени навремено и во согласност со закон, сметководствените стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување.

Согласно член 383 став 1 точка 2 од Законот за трговските друштва: „Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со овој закон и со статутот, а особено за: 2) одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;“.

Според член 384 став 1 од Законот за трговските друштва, годишното собрание го свикува органот на управување најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание. Во членот 40 став 1 од Правилата за котација на Македонската берза, е наведено дека, издавачите од сите подсегменти се должни да ги објават целосните консолидирани и неконсолидирани ревидирани финансиски извештаи (Извештај на независниот ревизор, Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за паричните текови, Извештај за промените во капиталот и Белешки кон финансиските извештаи) заедно со годишниот извештај за работењето, усвоени од Собранието на акционери на друштвото што е можно поскоро по завршувањето на релевантниот период, а задолжително во рок од 7 дена од усвојувањето на Собранието на акционери, но не подоцна од 31.05 во тековната година.

Имајќи ги предвид наведените одредби, друштвото го организираше собранието на акционери во роковите определени со позитивните прописи.

Врз основа на претходното, беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

__________________________

Врз основа на членовите 383 и 384 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 27.05.2026 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за усвојувањето на Годишниот извештај за работењето на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп**
**во периодот јануари-декември 2025 год.**

ПРЕДЛОГ ОДЛУКИ

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај за работењето на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп во периодот јануари-декември 2025 год.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работењето на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп во периодот јануари-декември 2025 год.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 383 став 1 точка 2 од Законот за трговските друштва: „Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со овој закон и со статутот, а особено за: 2) одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;“.

Според членовите 384 став 7 и 477 став 14 од Законот за трговските друштва, органот на управување, покрај годишната сметка и финансиските извештаи за големите трговци, е должен, по завршувањето на секоја деловна година, да изготви и извештај за работата на друштвото во претходната деловна година со содржината определена во самиот закон. Годишниот извештај беше навремено изготвен од страна на органот на управување и проследен заради усвојување до Собранието на акционери.

Исто така, во членот 40 од Правилата за котација на Македонската Берза, се наведува обврската издавачите да ги објавуваат целосните консолидирани и неконсолидирани ревидирани финансиски извештаи, заедно со годишниот извештај за работењето, усвоени од Собранието на акционери на друштвото што е можно поскоро по завршувањето на релевантниот период, а задолжително во рок од 7 дена од усвојувањето на Собранието на акционери, но не подоцна од 31.05 во тековната година.

Посебно значење на Годишниот извештај му се дава и со Кодексот за корпоративно управување, на начин што се даваат препораки за прибегнување кон примена на различни добри практики поврзани со корпоративното управување, а во функција на зголемување на позитивниот имиџ на компаниите. Во таа смисла, според член 42-а од Правилата за котација, органот на управување на издавачот е должен во рамки на Годишниот извештај за работење на друштвото, како негов составен дел да даде Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување со стриктно пропишана содржина. Сите наведени стандарди се уредно запазени од страна на органите на друштвото, што создава можност за непречено усвојување на предметниот извештај.

Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

______________________________

Врз основа на членовите 383, 384, 504 и 505 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), годишното Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 27.05.2026 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за усвојување на консолидираната годишна сметка**
**и консолидираните финансиски извештаи за 2025 год.**

**Член 1**

Се усвојува консолидираната годишна сметка на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, за деловната 2025 год., според следните биланси:

1. Биланс на состојба на ден 31.12.2025 год.

2. Биланс на успех од 01.01.2025 год. до 31.12.2025 год.

**Член 2**

Во билансот на состојба на ден 31.12.2025 година е искажана следната билансна состојба:

1. Актива **4.008.616.920,00 ден.**
2. Пасива **4.008.616.920,00 ден**.

**Член 3**

Се усвојува Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на „Витаминка“ а.д. Прилеп за 2025 год. со следните остварени финансиски резултати:

| | | |
|---|---|---|
| - | Вкупно консолидирани приходи.......... | 4.813.523.269,00 мкд |
| | Негативни разлики на готов производ на почеток-крај на година........... | 31.666.188,00 мкд |
| - | Вкупно консолидирани расходи.......... | 4.765.071.229,00 мкд |
| - | Консолидирана добивка од редовното работење пред оданочување................ | 16.785.852,00 мкд |
| - | Данок на добивка................................. | 6.851.958,00 мкд |
| - | Консолидирана добивка од редовното работење по оданочување................... | 9.933.894,00 мкд |

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според член 504 став 1 од Законот за трговските друштва: „Трговското друштво секоја година составува и објавува консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи, ако има превладувачко влијание во едно или повеќе друштва.“ Во ставот 2 на истата одредба е наведено дека консолидирани финансиски извештаи се изготвуваат според меѓународните стандарди за финансиско известување. Од увидот во извештаите може да се констатира дека консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи се составени на ист датум на којшто е составена годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото со превладувачко влијание, додека содржината на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи е во согласност со членот 505 од Законот за трговските друштва.

Консолидацијата е извршена за матичното друштво – „Витаминка“ АД Прилеп, „В-Роуте“ ДООЕЛ Прилеп, „Брилијант“ ДООЕЛ Штип, „Ведрина-2“ ДОО Белград, Р.Србија и „Витаминка БГ“ ЕООД Софија, Р.Бугарија.

Врз основа на претходното, може да се констатира дека при изготвувањето на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи во целост се запазени законските барања и важечки стандарди.

Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

______________________________

ПРЕДЛОГ ОДЛУКИ

Врз основа на членовите 383, 384, 478 и 506 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 27.05.2026 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за усвојување на ревизорските извештаи за 2025 год.**

**Член 1**

Се усвојуваат Извештајот на ревизорското друштво „Грант Торнтон“ ДОО Скопје за поединечните финансиски извештаи на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп за 2025 год. и Извештајот на ревизорското друштво „Грант Торнтон“ ДОО Скопје за консолидираните финансиски извештаи на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп за 2025 год.

**Член 2**

Прилог и составен дел на оваа одлука се: Извештајот на ревизорското друштво „Грант Торнтон“ ДОО Скопје за поединечните финансиски извештаи на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп за 2025

год. и Извештајот на ревизорското друштво „Грант Торнтон“ ДОО Скопје за консолидираните финансиски извештаи на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп за 2025 год.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според член 478 став 2 од Законот за трговските друштва, друштвото е должно да има ревизорско мислење на финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржувањето на собранието. Може да се констатира дека ревизорските извештаи се навремено изготвени од страна на овластениот ревизор. Исто така, според член 506 став 1: „Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи не можат да бидат одобрени без да биде извршена ревизија.“

Ревизорот нема забелешки или мислење со резерва за финансиските податоци на друштвото во периодот за кој се изврши ревизија. Финансиските податоци објективно ја презентираат состојбата на друштвото за годината која завршува на 31.12.2025 година.

Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

____________________________

Врз основа на членовите 329 став 1, 383, 384 и 483 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 98 и 169 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 27.05.2026 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за употреба на добивката за годината (добивка по оданочување)**
**според годишната сметка на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп од 2025 год.**

**Член 1**

Остварената добивка од редовно работење по оданочување во П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп по годишната сметка за 2025 год. изнесува: ............................................... **38.073.389,00 ден.**

**Член 2**

Добивката се распределува за:

- Добивка за инвестиции (реинвестирана добивка) ................... **38.073.389,00 ден.**

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според член 329 став 1 од Законот за трговските друштва: „Акционерите имаат право на учество во добивката, освен ако, според одлуката на собранието за употреба на добивката, донесена врз основа на закон или на статутот, добивката е изоставена од распределбата меѓу акционерите."

Согласно член 383 став 1 точка 2 од Законот за трговските друштва: „Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со овој закон и со статутот, а особено за: 2) одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;".

Според член 483 став 1 од Законот за трговските друштва, собранието одлучува за распоредување на добивката. Во ставот 2 е наведено дека, во одлуката за распоредување на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведуваат: 1) износот од добивката за покривање на загубата од минати години (доколку таква има); 2) износите коишто се внесуваат во законските и во статутарните резерви на друштвото; 3) износот којшто се исплатува во вид на дивиденда; 4) дополнителните издатоци врз основа на одлуката; 5) евентуалниот пренос на добивката во наредната година (акумулираната добивка) и 6) износот на добивката со којшто ќе се изврши зголемување на основната главнина на друштвото и износот од добивката за инвестиции.

Може да се констатира дека друштвото оствари позитивни финансиски резултати, иако станува збор за кризни години на работење. Претходните три години, друштвото распределуваше средства за резерви за инвестиционо вложување поради зголемениот обем на инвестиции и модернизирање на техничко-технолошките процеси.

Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

____________________________

Врз основа на членовите 383 и 384 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М." бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка" А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка" А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 27.05.2026 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на П.И.„Витаминка" А.Д. Прилеп во 2025 год.**

**Член 1**

Се одобрува работата на членовите на Одборот на директори на П.И.„Витаминка" А.Д. Прилеп, од 01.01.2025 до 31.12.2025 година:

- Симон Наумоски, неизвршен член, Претседател на О.Д.;
- Сашо Наумоски, извршен член, Генерален извршен директор;
- Благоја Ѓорѓијовски, неизвршен член;
- Горан Трајковски, независен неизвршен член;
- Маја Кадиевска-Војновиќ, независен неизвршен член.

**Член 2**

Одобрувањето на работата на членовите на Одборот на директори на П.И.„Витаминка" А.Д. Прилеп во 2025 година се изврши со поединечно гласање за секој член и врз основа на усвоената Годишна сметка за работењето за 2025 година, Извештаите кон годишната сметка и Годишниот извештај за работата на друштвото во 2025 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 384 став 4 од Законот за трговските друштва: „Годишното собрание по завршувањето на деловната година, задолжително одлучува за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на органот на управување и за работата на членовите на надзорниот одбор. За одобрување на работата на членовите на органите на друштвото се гласа одделно за секој член на органот.“

Во текот на целата 2025 година беа одржани вкупно 8 /осум/ седници на Одборот на директори, на кои беа донесени и спроведени вкупно 36 одлуки и повеќе други акти. Бројот на одржани седници на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп и воопшто активноста на Одборот на директори во 2025 година е во согласност со членот 373-а од Законот за трговските друштва. Речиси сите седници на Одборот на директори се одржаа во полн состав, со исклучок на три седници на кои на седницата учествуваа четири лица.

Секој од членовите на органот на управување активно учествуваше во работењето на органот, целосно, одговорно и совесно, извршувајќи ги законските и статутарните задолженија како член на органот. Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

___________________________

Врз основа на чловите 383, 384 и 415-в од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 27.05.2026 год. донесе:

# О Д Л У К А
**за усвојување на Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2025 год.**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за 2025 год. на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, со арх. бр. 02-445/1 од 10.03.2026 година.

**Член 2**

Составен дел на одлуката е Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2025 год. на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, бр. со арх. бр. 02-445/1 од 10.03.2026 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според член 415-в од Законот за трговските друштва, Службата за внатрешна ревизија е должна за своето работење да изработи годишен извештај и да го достави до одборот на директори. Според ставот 4 на истата одредба, одборот на директори е должен да го достави годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија до собранието на друштвото.

Предметниот извештај беше разгледан и беше оценет како комплетен и прегледен.

ПРЕДЛОГ ОДЛУКИ

Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

____________________________

Врз основа на членовите 383, 384 и 479 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 27.05.2026 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп за 2026 год.**

**Член 1**

За ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, за годината што завршува на 31.12.2026 год., согласно Меѓународните сметководствени стандарди, се избира овластената ревизорското друштво „Грант Торнтон“ ДОО Скопје.

**Член 2**

Се овластува Генералниот извршен директор да склучи договор со Друштвото за ревизија од членот 1 на оваа одлука во кој ќе бидат регулирани правата, обврските и одговорностите помеѓу корисникот и давателот на услугите, почитувајќи ги одредбите од Правилникот за начинот на избор, извршување и известување за надворешна ревизија.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според член 383 став 1 точка 8 од Законот за трговските друштва, Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со овој закон и со статутот, а особено за: 8) назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи ако друштвото има обврска да ги подготвува;“.

Според член 478 став 2 од Законот за трговските друштва, друштвото е должно да има ревизорско мислење на финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржувањето на собранието. Исто така, според член 506 став 1: „Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи не можат да бидат одобрени без да биде извршена ревизија.“

Ревизорското друштво, во целост, согласно со ревизорските стандарди и процедури, одговори на барањето на друштвото за понуда за извршување на предметниот вид услуги. Со ревизорското друштво е остварувана долгогодишна соработка, во рамките на која од двете страни било целосно и квалитетно испочитувани преземените обврски. Од друга страна, станува збор за еминентно ревизорско друштво, со соодветна кадровска и материјална екипираност за максимално стручно извршување на доверената задача. Друштвото во целост ги задоволува утврдените критериуми во Правилникот за начинот на избор, извршување и известување за надворешна ревизија.
Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

___________________________

Врз основа на член 363 ставови 1 и 3, член 383 став 1 т. 3 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму), како и член 77 ставови 1 и 3 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 27.05.2026 год. донесе:

# О Д Л У К А
## за отповикување на членовите на Одборот на директори

**Член 1**

Од функцијата членови на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп се отповикуваат лицата:

- Симон Наумоски, дипломиран инженер технолог, со живеалиште на ул.„Егејска“ бр. 95-А во Прилеп, Претседател на Одбор на директори;
- Сашо Наумоски, магистер на економски науки, со живеалиште на ул.„Егејска“ бр. 95-А во Прилеп, Генерален извршен директор;
- Благоја Ѓорѓијовски, доктор на економски науки, со живеалиште на ул.„Ленинова“ бр. 60-2/7 во Скопје, Неизвршен член;
- Маја Кадиевска-Којновиќ, магистер по бизнис администрација, со живеалиште на ул. „23 Октомври“ бр. 1/1-7, Скопје - Аеродром, Независен неизвршен член;
- Горан Трајковски, неизвршен член, дипломиран правник, со живеалиште на ул.„Дебарца“ бр. 42 во Скопје - Центар, Независен неизвршен член.

**Член 2**

Се задолжува правната служба преку лицето Ѓорѓиоски Орде, Директор на правни работи и човечки ресурси, со лична карта број М1353607, да изврши запишување на оваа промена и да ги преземе сите потребни дејствија пред Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според член 363 став 1 од Законот за трговските друштва, Собранието може да ги отповика сите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор, односно член на овие органи и пред истекот на времето за коешто биле избрани.

Според член 56 став 1 од Статутот на Друштвото (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), членовите на Одборот на директори се избираат за период од четири години.

Имајќи го предвид фактот што членовите на Одборот на директори во наведениот состав беа избрани со одлука на Собранието на акционери во 2022 година со мандат од 4 (четири) години, следуваше да се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

______________________________

Врз основа на членовите 343, 344, 345, 367 ставови 2 и 3 и 383 став 1 т.3 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и член 55 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 27.05.2026 год. донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на членови на Одборот на директори

**Член 1**

За членови на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп се избираат лицата:

1. Симон Наумоски, неизвршен член, дипломиран инженер технолог, со живеалиште на ул. „Егејска“ бр. 95-А во Прилеп;
2. Сашо Наумоски, член, магистер на економски науки, со живеалиште на ул.„Егејска“ бр. 95-А во Прилеп;
3. Наташа Стојковска, неизвршен член, дипломиран економист, со живеалиште на ул.„Орде Тодороски-Шемко “ бр. 58 во Прилеп;
4. Филип Николоски, неизвршен член, дипломиран економист, со живеалиште бул. 8-ми Септември 4-1/1а, во Скопје – Карпош;
5. Дејан Маслинко, неизвршен член, дипломиран економист, со живеалиште на ул.„Његошева“ бр. 3Б, во Скопје – Карпош.

**Член 2**

За независни членови на Одборот на директори кои воедно се и неизвршни членови се избираат лицата:

1. Филип Николоски и
2. Дејан Маслинко.

**Член 3**

Членовите на Одборот на директори се именуваат со мандат од 4 (четири) години сметано од денот на изборот, со право на повторно именување.

Податоците за членовите во писмена форма се достапни до акционерите најдоцна 7 (седум) дена пред одржување на годишната седница на Собранието, согласно со одредбите од Законот за трговските друштва.

**Член 4**

Членовите на Одборот на директори ги вршат работите од нивната надлежност предвидени во Статутот, Законот за трговски друштва и други позитивни прописи.

**Член 5**

Се задолжува Правната служба преку лицето Ѓорѓиоски Орде, Директор на правни работи и човечки ресурси, со лична карта број М1353607, да изврши запишување на оваа промена и да ги преземе сите потребни дејствија пред Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според член 367 став 2 од Законот за трговските друштва, Собранието ги избира членовите на одборот на директори. Според ставот 3 на истата одредба, при изборот на членовите на одборот на директори се назначува кои членови се избираат како независни членови на одборот на директори. Независните членови на одборот на директори се избираат од редот на неизвршните членови на одборот на директори.

Согласно член 55 став 2 од Статутот на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп, пред да се пристапи кон избор на член на Одборот на директори во согласност со оваа одредба, за секој кандидат, во писмена форма, се објавуваат податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор и другите поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во Друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски коишто ги има спрема Друштвото. Ваквите податоци се уредно објавени за секој од членовите.

Имајќи го претходното предвид, се констатира дека во целост се исполнети законските услови за избор на предложените кандидати за членови на Одборот на директори, односно, дека не постојат законски или други пречки за нивни избор.

Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

______________________________

Врз основа на член 333 став 1 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и член 38 став 1 од Статутот на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 27.05.2026 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за стекнување сопствени акции со откуп**

### Член 1

Да се изврши стекнување на сопствени акции со откуп до една десеттина од основната главнина на друштвото.

Номиналниот износ на стекнатите акции со откуп не смее да надмине една десеттина од основната главнина на друштвото.

Стекнувањето на сопствени акции со откуп да се изврши преку правно лице овластено за вршење брокерски работи.

### Член 2

Времето во кое треба да се изврши стекнување сопствени акции со откуп изнесува најдолго 12 /дванаесет/ месеца од денот на донесувањето на оваа одлука.

### Член 3

Минималната противвредност којашто може да се плати за стекнувањето на сопствените акции со откуп изнесува 10.000,00 денари.

Максималната противвредност којашто може да се плати за стекнувањето на сопствените акции со откуп изнесува 14.000,00 денари.

Со стекнувањето на сопствените акции не смее да се намали имотот на друштвото под износот на основната главнина и резервите коишто се определени со закон и со статутот на друштвото и коишто не смеат да се користат за исплата на акционерите.

Стекнувањето на сопствените акции со откуп да се изврши од резервниот фонд за оваа намена.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно членот 333 став 1 од Законот за трговските друштва, Друштвото може да стекнува сопствени акции со откуп, самото или преку лице кое дејствува од свое име, а за сметка на друштвото, под услов е да бидат задоволени законските барања наведени во споменатата одредба.

Друштвото и во претходните деловни години, на годишните собранија на акционери, донесуваше вакви одлуки. Врз основа на одлуките, на денот на донесувањето на оваа одлука стекнати се 2.930 акција, која не дава право на глас и право на дивиденда, што претставува 3,82% од вкупен број издадени акции на друштвото. Целта на стекнувањето сопствени акции со откуп е да се превенира можноста од евентуални непријателски преземања на друштвото.

Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРЕДЛОГ ОДЛУКИ

Претседавач на Собрание на акционери,

___________________________

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 95/2005 и понатаму), членовите 333 и 336 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму), како и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), на седницата одржана на ден 27.05.2026 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за отуѓување сопствени акции**

**Член 1**

Се одобрува отуѓување сопствени акции на Прехранбена индустрија „Витаминка“ АД Прилеп стекнати до одржувањето на Годишното собрание на Друштвото на ден 27.05.2026 година, како и акциите кои ќе бидат купени согласно Одлуката на Собранието на Друштвото од 27.05.2026 година.

**Член 2**

Целта заради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување на стабилноста на компанијата и усогласување со законските одредби.

Номиналната вредност на една обична акција на ПИ „Витаминка“ АД Прилеп изнесува 52,78 ЕВРА.

**Член 3**

Сопствените акции кои се предмет на отуѓување се со право на глас, по принципот една акција дава право на еден глас во собранието на Друштвото.

Согласно законските прописи и Статутот на ПИ „Витаминка“ АД Прилеп, акционерите исплатата на дивиденда може да ја добијат во пари, во акции и во пари и акции.

**Член 4**

Постапката за отуѓување на сопствени акции ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за хартии од вредност.

**Член 5**

Собранието на Друштвото го овластува Одборот на директори на ПИ „Витаминка“ АД Прилеп поблиску да ги определи начинот на продажба, цената и другите потребни активности и податоци утврдени во Законот за хартии од вредност и да изврши измени и дополнување на оваа Одлука.

**Член 6**

Купувачите на сопствени акции на ПИ „Витаминка“ АД Прилеп ги стекнуваат сите права од акциите согласно Статутот на Друштвото и законските прописи со денот на уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

**Член 7**

Согласно законските одредби и Статутот на Друштвото, обичните акции им даваат на нивните сопственици:

- Право на глас во собранието на Друштвото;
- Право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото.

**Член 8**

ПИ „Витаминка“ АД Прилеп по завршување на постапката за отуѓување на сопствените акции, во рок утврден со Законот за хартии од вредност, ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста за количината на запишаните и уплатените хартии од вредност.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 336 став 2 од Законот за трговските друштва: „Без оглед на тоа како се стекнати сопствените акции, односно согласно со или спротивно на одредбите на членовите 333, 334 и 335 од овој закон и без оглед на роковите за нивно отуѓување, пред да се поништат, сопствените акции мора претходно да бидат понудени за продажба по пат на јавна понуда.“ Во секој случај, целта на отуѓувањето е прецизно наведена во членот 2 од оваа одлука.

Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

____________________________

Врз основа на  членовите 417, 418 и 419 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 214, 215 и 216 од Статутот на Друштвото (арх.бр. 02-

693/16 од 28.05.2025 год. - пречистен текст), по предлог на Одборот на директори, Собранието на акционери на ПИ "Витаминка" АД - Прилеп, на седницата одржана на 27.05.2026 год. донесе:

# **О Д Л У К А**

**за измена на Статутот на ПИ "Витаминка" АД-Прилеп**
**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ (арх.бр. 02-693/16 од 28.05.2025 год.)**

Член 1

Во член 45 во ставот (4), зборот: „Помошник" се менува со зборот: „Главен".

Член 2

Во член 62 во ставот (4), зборот: „Помошникот" се менува со зборот: „Главниот".

Член 3

Во член 74 во ставот (1) зборот „помошник" се менува со зборот: „главен".

Член 4

Се овластува Одборот на директори да изготви пречистен текст на Статутот на П.И.„Витаминка" АД Прилеп.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно одредбите од Статутот на П.И.„Витаминка" АД Прилеп, особено неговиот член 62, во друштвото се формира, со одлука на Одборот на директори, Оперативен тим со делегирани права и обврски од Генералниот извршен директор. Со оглед на фактот што од 2025 година беше воведена нова функција – Помошник оперативен директор, олицетворена во лице со пошироки менаџерски овластувања во делот на оперативното водење на работите во друштвото, следуваше да биде интервенирано во највисокиот акт на друштвото во делот на називот на оваа функција.

Претседавач на Собрание на акционери,

______________________________